Заградениот простор надвор мора да е направен од:

- Цигла, бетон, градежно дрво, железо или слични цврсти материјали; или
- Ланчана решетка произведена од 3.15-милиметарска жица за да се направи платно за 50mm решетка, или заварена решетка произведена од 4-милиметарска жица со максимален пропед на решетката од 50mm.

Прифатлива е и комбинација од горенаведеното. Големината на решетката и деталите за изработување се специфицирани така што заградениот простор ќе биде невозможен за бегање и така што луѓето, посебно мали деца, не ќе можат да протнат делови од телото, како на пример раце, низ заградениот простор кај кучето.

## Врзување надвор од домот

Куче од раса со контролирано одгледување мора да има корпа на устата и да биде на синџир кога е надвор од домот на сопственикот или од заградениот простор, и мора да е под контрола на лице кое има 17 год. или повеќе.

## Обврски околу известување и поседување

Сопственикот на куче од раса со контролирано одгледување мора да го извести Советот кој го регистрирал кучето во рок од 24 часа доколку:

- Кучето исчезне
- Се промени сопственикот на кучето
- Се промени адресата на сопственикот
- Се промени местото каде што се одгледува кучето

Кучиња од такви раси не смеат да се продаваат или подаруваат на друго лице во Викторија. Меѓутоа, ако сопственикот на куче од контролирана раса одлучи да го продаде или подари во друга држава, пред да го стори тоа, тој мора написмено да го извести другото лице дека кучето е од таква раса. Сопственикот на такво куче не смее да го продаде, поклони, или на друг начин да го пренесе поседувањето врз кучето на лице помало од 17 години.

Едно лице не смее да поседува повеќе од 2 кучиња од раса со контролирано одгледување освен ако лицето нема дозвола за тоа од Советот на општината во која се одгледуваат кучињата.

Посетете ја страницата www.dpi.vic.gov.au/animalwelfare или јавете се на 136 186 (по тарифа за локален повик)



Американски питбул-териер (American Pit Bull Terrier/Pit Bull Terrier)

## За совет или повеќе информации

Јавете се на локалниот Совет ако имате прашања околу вашите права и обврски како сопственици на куче. Советот исто така ќе одговори на работи што се однесуваат на кучиња од раси со контролирано одгледување.

За општи информации околу одговорно поседување на домашни миленици, и детали за контакти со соодветни организации за домашни миленици посетете ја страницата **www.dpi.vic.gov.au/animalwelfare** или јавете се на **136 186** по тарифа за локален повик.

Victoria The Place To Be

*Законот за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 1994 год*. е државен законик, кој се спроведува од страна на општинските совети.

*Законот за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 1994 год.* и *Регулативите за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 2005 год*. можете да ги купите од Информации за Викторија (Information Victoria) на 505 Little Collins Street, Melbourne, телефон 1300 366 356.

За повеќе информации за контрола и благосостојба на домашни животни во Викторија посетете ја интернет страницата на Министерството на http://www.dpi.vic.gov.au/animalwelfare

ISBN 1 74106 546 1

© Држава Викторија, Министерство за примарни индустрии, 2005

Оваа публикација може да ви биде од полза, но Државата Викторија и нејзините вработени не гарантираат дека оваа публикација е без никакви пропусти или дека е целосно соодветна за вашите посебни потреби и притоа се оградува од секаква одговорност за секаква грешка, загуба или други последици што можат да произлезат од вашето ослонување на било кој податок од оваа публикација.

Ревизија април 2007



МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРИМАРНИ ИНДУСТРИИ



# Работи кои што треба да ги знаете за кучиња од раси со контролирано одгледување

Victoria The Place To Be

Како одговор на загрижеността на општеството за нападите од кучиња, Законот за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 1994 год. *(Domestic (Feral and Nuisance) Animals Act 1994)* беше дополнет во декември 2001 год. со цел да се наметнат одговорности за одредени кучиња од раси со контролирано одгледување."Контролираните раси" на кучиња ги подразбираат оние кучиња кои се забранети за увоз според Царинските регулативи (Забранет увоз) на Комонвелтот од 1956 год. *(Commonwealth Customs (Prohibited Imports) Regulations 1956)*, вклучувајќи ги аргентинското куче (Dogo Argentino), јапонската тоса (the Japanese Tosa), Fila Brasileiro, расата Perro de Presa Canario (или Presa Canario) и американскиот питбул-териер (American Pit Bull Terrier (или Pit BullTerrier). Од наведените, питбул-териерот и расата Perro de Presa Canario се единствените две раси кои моментално постојат во Австралија.

Од 2-ри ноември 2005 год., според Законот за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 1994 год. се смета за прекршок земање на куче од од расасо контролирано одгледување.

Лицата кои поднесуваат барање за регистрирање на нивното куче мора да поднесат изјава за тоа дали нивното куче е од контролирана раса (за неточна изјава се применува прилично голема судска казна). Овластените службеници од Советот исто така имаат моќ да прогласат дека некое куче е од ограничена раса.

Советот може да ја возобнови регистрација на постоечка регистрација и да прогласува раси на кучиња со контролирано одгледување. Меѓутоа, Советот не смее да прифати регистрација на таква нова раса на кучиња освен ако не била внесена во Викторија пред 2 ноември 2005 год., и доколку сопствениците искрено верувале дека нивното куче не е од раса со контролирано одгледување.

Советите имаат моќ да наплаќаат надоместоци за регистрација на кучиња од раси со контролирано одгледување кои се повисоки од стандардните максимални надоместоци за регистрација на домашни миленици.

Овој документ обезбедува преглед на одговорностите поврзани со кучиња од раси со контролирано одгледување, како што се пропишани во Законот за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 1994 год. и Регулативите за домашни (подивени и штетни за околината) животни од 2005 год. *(Domestic (Feral and Nuisance) Animals Regulations 2005)*.

## Постојат казни за непридржување кон Законот и Регулативите.

Што ќе се случи ако се прогласи дека кучето е од раса со контролирано одгледување? Во рок од 7 дена од давање на изјавата, Овластен службеник мора да му поднесе писмено известување по изјавата на сопственикот на кучето, или лично или преку препорачана пошта. Ова известување ќе ги содржи обврските што се однесуваат на контролираните раси на  кучиња, и кои мора да се спроведат во дадените временски рокови*. Ако кучето е пријавено од Советот, известувањето исто така ќе содржи информации за тоа како сопствениците, доколку сакаат, можат да поднесат барање за ревизија на одлуката. Барањето за ревизија мора да се поднесе до Министерството за земјоделство во рок од 30 дена од приемот на известувањето, и да биде придружено со паричен надомест кој не се враќа (обратете се до локалниот Совет за детали).

Жалбата на сопственикот за одлуката кучето да биде пријавено ќе биде ислушана од страна на комисија за ревизија составена од три лица назначени од Министерот за земјоделство поради нивното знаење за, или искуство во препознавање на раси на кучиња. Одлуката на комисијата за ревизија при потврдување или поништување на изјава мора  да се донесе според правилото на мнозинство (т.е. најмалку двајца од тројцата членови мора да се согласни).

*Повеќето од одговорностите на сопствениците на кучиња од контролирани раси мора да се спроведат веднаш откако Советот ќе им достави писмено известување по изјавата.

Меѓутоа, сопствениците ќе имаат повеќе време да ги испочитуваат обврските што се однесуваат на заградување, знаци за предупредување и микрочипови, и овие временски рокови ќе зависат од тоа дали е поднесена жалба:

- Ако не се поднесе жалба во рок од 30 дена, сопственикот има додатни 30 дена да ги спроведе обврските за заградување, знаците за предупредување и микрочип (т.е. има вкупно 60 дена)
- Ако се поднесе жалба во рок од 30 дена од изјавата, и ако комисијата ја потврди одлуката, сопственикот има 30 дена од датумот на одлуката на комисијата да ги спроведе обврските за заградување, знаци за предупредување и микрочип.

## Онеспособување за парење

Тековно регистрираните кучиња од раса со контролирано одгледување мора да се онеспособат за парење до 10 април 2006 год. Новопријавените кучиња мора веднаш да се онеспособат за парење, освен ако сопственикот не обезбеди потврда од ветеринар кој изјавува дека кучето не смее да се онеспособи за парење поради здраствени причини.

## Препознавање преку микрочип

Сопственикот на куче од раса со контролирано  одгледување мора да осигура дека на животното му е вграден ISO микрочип (ISO- Организација за меѓународни стандарди - International Standards  Organization) во согласност со Регулативите (освен ако микрочипот не е веќе вграден пред 20 мај 2003 год.)

Овој број за препознавање од микрочипот, заедно со други податоци, како што е наведено во Регулативите, мора да се достават до Советот кај кој е регистрирано кучето во рок од 7 дена откако на кучето ќе му биде вграден микрочип.

## Знаци за предупредување

Битно е за лица со валидна причина за влез во нечиј дом ( на пр. тим за итна помош) да знаат дека внатре е присутно куче од од раса со контролирано одгледување. Сопственикот на  куче од контролирана раса мора да постави пропишани знаци за предупредување на сите влезови во просториите каде што се чува кучето кои ќе ги предупредат луѓето дека во тие простории се одгледува куче од таква раса.

Овие знаци за предупредување мора:

- Да бидат правоаголни со висина од 10cm и ширина од 30cm
- Да се направени од издржлив материјал
- Да имаат светла тиркизна позадина
- Да имаат текст во црна боја, фонт 72, напишан во Times New Roman
- Да имаат црна рамка (трет степен задебелување) околу знакот
- Да имаат најмалку една боја која рефлектира светлина

**За детали за снабдувачи на знаци за предупредување за кучиња од контролирани раси контактирајте го локалниот Совет, или јавете се во Центарот за грижа за корисници при Министерството за примарни индустрии (DPI – Department of Primary Industries) на 136 186.**

Restricted Breed Dog

on Premises

Пример на знак за предупредување за куче од раса со контролирано одгледување

## Чување дома

Кога е внатре или надвор од домот, кучето мора да се чува на таков начин да не може да побегне, и кој што го спречува да не може да повреди посетители на домот. Живеалиштето и заградениот простор надвор (или заден двор кој се смета за ограден простор надвор) мора да се направени на таков начин да друго лице не може да има пристап до нив без помош од лицето што живее во тој дом и кое е на возраст од или над 17 год. Сопственикот исто така мора да обезбеди заграден простор  надвор или заден двор кој мора:

- Да има место за спиење кое е водоотпорно
- Да има брава/и кои имаат механизми за  самозатворање и закатанчување на сите порти во заградениот простор, кои може да се заклучат (и се заклучени) кога кучето е во заградениот простор
- Се направени и одржувани на начин што му оневозможува на кучето да копа за да избега, или на друг начин да се измолкне под, над или преку периметарот на затворениот простор
- Не е лоциран во просториите на таков начин што луѓето ќе мора да поминуваат преку заградениот простор
- Има подна површина од најмалку 10 квадратни метри по куче од контролирана раса
- Има периметар на ограда со висина од најмалку 1.8 метри (ако заклучат дека кучето побегнало над заградениот простор, Овластените службеници може исто така да побараат овој периметар да има внатрешен надвисок на оградата од 0.7 метри под агол од 35 степени на хоризонтална рамна површина)